**20242464334**

**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

□□

Врз основа на член 427 став (1) и член 438 алинеја 9), а во врска со член 120 став (8) од Законот за финансиски инструменти (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.66/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 29.11.2024 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ВРЗАН ЗАСТАПНИК*

ДЕЛ 1

## Општи одредби

Член 1

Со Правилникот за утврдување на критериумите за исполнување на условите за назначување на врзан застапник (во понатамошниот текст: Правилник) подетално се пропишуваат критериумите за исполнување на условите за назначување на врзан застапник, формата, роковите и содржината на барањето за добивање на одобрение за работа на врзан застапник и барањето за запишување во регистарот на врзани застапници и потребната документација во постапката за добивање на одобрение за работа на врзан застапник.

## Поими

Член 2

(1) Поимите кои се употребуваат во овој Правилник го имаат следново значење:
1. „Комисија“ е Комисија за надзор на пазарот на капитал;
2. „Закон“ е Закон за финансиски инструменти;
3. „Подносител на барање “е инвестициско друштво.
(2) Сите други поими од овој Правилник го имаат истото значење како во Законот.

## Поле на примена

Член 3

(1) Одредбите од овој Правилник се применуваат на инвестициското друштво со седиште во Република Северна Македонија и инвестициското друштво од трета земја кое има намера да назначи врзан застапник.

(2) Одредбите од овој Правилник соодветно се применуваат и на банки (кредитни институции) кои извршуваат инвестициски услуги и активности и помошни услуги согласно член 7 став (2), точка 6) од Законот, во делот во кој ги извршуваат наведените услуги и активности.

---

*Со овој Правилник се врши усогласување со Директивата 2014/65/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 15 мај 2014 година за пазари на финансиски инструменти со

која се изменува и дополнува Директивата 2002/92/ЕЗ и Директивата 2011/61/ЕУ (CELEX бр.32014L0065).

ДЕЛ 2

**Критериуми за проценка на исполнување на условите за назначување на врзан застапник**

Член 4

(1) Инвестициското друштво од член 3 од овој Правилник може да назначи врзан застапник, кој во име и за сметка на инвестициското друштво ги врши работите од член 118 од Законот, доколку истиот ги исполнува условите од член 120 од Законот. Правното лице од член 3 е должно да утврди дали лицето кое има намера да го назначи за врзан застапник има добра репутација и углед и соодветно општо, деловно и стручно познавање пред да донесе одлука за назначување на врзан застапник.

(2) При оценување на добрата репутација и углед на врзаниот застапник-физичко лице се зема предвид целата релевантна кривична и прекршочна евиденција имајќи го предвид видот на казнено-правната санкција, степенот во кој се наоѓа постапката, вложените правни лекови, изречените казни или други казнено-правни санкции, рехабилитацијата, постоење на отежителни и на олеснителни околности, важноста на казненото дело или прекршокот, времето кое поминало од сторување на делото и однесувањето на врзаниот застапник во тој период.

(3) При оценување на добрата репутација и углед на врзаниот застапник-физичко лице ќе се земат предвид и поголемиот број на полесни дела кои поединечно не влијаат, но кумулативно можат да влијаат на угледот на врзаниот застапник-физичко лице.

(4) Не доведувајќи го во прашање начелото на пресумпција на невиност согласно прописите со кои се уредува кривичната постапка, при проценување на добрата репутација и углед на врзаниот застапник-физичко лице, потребно е да се земе предвид и следното:

1. Осудителни пресуди или актуелни кривични пријави за кривични дела, а особено:

- кршење на законите со кои се уредени банкарската, финансиската и осигурителната дејност, хартии од вредност, пазарот на капитал, вршење на финансиски услуги, инвестициски и пензиски фондови, а особено прописите со кои се уредува спречување перење пари и финансирање тероризам, корупција, злоупотреба на пазарот на капитал, злоупотреба на внатрешни информации, избегнување плаќање или прикривање на данок или било кои други прописи кои уредуваат дејности на финансиски институции;
- нефер пракса, измама или финансиски кривични дела;
- даночни кривични дела;
- други кривични дела утврдени со законодавството со кое се уредуваат трговските друштва, стечај, инсолвентност или заштита на потрошувачите.

2. Други релевантни мерки кое ги преземало надлежно регулаторно тело.

(5) Не доведувајќи ги во прашање основните права на лицето, потребно е да се земе предвид дали против врзаниот застапник-физичко лице е покрената истрага која произлегува од правосудни или административни постапки или други истородни истраги кои се спроведуваат од страна на регулаторен орган, како и дали се води кривична постапка за казнени дела или од други веродостојни извори може да се утврди дека постои некоја друга причина која може да го доведе под сомнеж интегритетот на врзаниот застапник.

(6) Се смета дека правното лице нема доволно добра репутација и углед доколку:

а) сопственикот, лицето овластено за застапување на Друштвото и лицата кои во врзаниот застапник - правно лице учествуваат во вршење на работите од член 118 став (2)

од Законот, немаат добра репутација и углед во смисла на ставовите (2), (3), (4), и (5) од овој член;

б) од други веродостојни извори може да се утврди дека постои некоја друга причина која може да го доведе под сомнеж интегритетот на врзаниот застапник.

(7) Се смета дека врзаниот застапник - физичко лице и физичко лице во правното лице - врзан застапник имаат соодветно општо, деловно и стручно познавање потребно за да можат на клиентите и на потенцијалните клиенти да им ги обезбедат сите потребни податоци, доколку истите, во зависност од работите што ги вршат за инвестициското друштво од член 118 од Законот, ги исполнуваат условите пропишани во Правилникот за признати квалификации.

(8) За работите пропишани во член 118, став (2), точка 1) и 2) од Законот, физичкото лице мора да има признати квалификации за извршување на релевантните функции од член 3, став (1), точка а) од Правилникот за признати квалификации (категорија на активност: (а1)-информирање за инвестициски услуги и финансиски инструменти), како што е пропишано во Прилог I од Правилникот за признати квалификации.

(9) За работите пропишани во член 118, став (2), точка 3) од Законот, физичкото лице мора да има признати квалификации за извршување на релевантните функции од член 3, став (1), точка б) од Правилникот за признати квалификации (категорија на активност: (б1) - прием и пренос на налози на клиенти), како што е пропишано во Прилог I од Правилникот за признати квалификации.

(10) За работите пропишани во член 118, став (2), точка 4) и 5) од Законот, физичкото лице мора да има признати квалификации за извршување на релевантните функции од член 3, став (1), точка д) од Правилникот за признати квалификации (категорија на активност (г1)- инвестиционо советување), како што е пропишано во Прилог I од Правилникот за признати квалификации.

ДЕЛ 3

**Форма, содржина и рок на достава на барањето за добивање на одобрение за работа на врзан застапник и барањето за запишување во регистарот на врзани застапници**

Член 5

(1) Инвестициското друштво е должно до Комисијата да поднесе барање за добивање на одобрение за работа на врзан застапник и барање за запишување во регистарот на врзани застапници, во писмена или во електронска форма, во рок од 8 (осум) календарски дена од денот на донесување на одлуката за назначување на врзан застапник.

(2) Барањето за добивање на одобрение за работа на врзан застапник се поднесува до Комисијата исклучиво на пропишаниот Образец (Прилог-1 и Прилог-2) "Барање за добивање на одобрение за работа на врзан застапник", кој е составен дел на овој Правилник и ги содржи следните елементи:

а) основни податоци на подносителот на барањето, односно назив, ЕМБ, седиште, контакт телефон и електронска адреса на инвестициското друштво;

б) податоци за лицето предложено за врзан застапник:

- за физичко лице: име и презиме, адреса на живеење или постојан престој, единствен матичен број, контакт телефон и електронска адреса;

- за правно лице: назив, седиште, ЕМБ, име и презиме, функција, адреса на живеење или постојан престој, единствен матичен број, контакт телефон и електронска адреса на физички лица овластени за застапување на правното лице;

в) работите од член 118, став (2) од Законот, односно прецизно наведување на работите кои врзаниот застапник ќе ги извршува во име и за сметка на инвестициското друштво.

(3) Барањето за запишување во регистарот на врзани застапници се поднесува до Комисијата исклучиво на пропишаниот Образец (Прилог-3 и Прилог-4) "Барање за запишување во регистарот на врзани застапници", кој е составен дел на овој Правилник и ги содржи следните елементи:

а) основни податоци на подносителот на барањето, односно назив, ЕМБ, седиште, контакт телефон и електронска адреса на инвестициското друштво;

б) податоци за лицето предложено за врзан застапник:

- за физичко лице: име и презиме, адреса на живеење или постојан престој, единствен матичен број, контакт телефон и електронска адреса;

- за правно лице: назив, седиште, ЕМБ, контакт телефон и електронска адреса.

(4) Секоја измена или дополнување на податоците од став (1) и (2) на овој член, инвестициското друштво е должно да ја достави до Комисијата во рок од 3 (три) работни дена од настанување на измената.

(5) Обрасците од ставовите (2) и (3) на овој член треба да се пополнети целосно, уредно, читливо, без корекции и треба да бидат потпишани со своерачен потпис на овластеното лице на подносителот на барањата, ако барањата се поднесуваат во писмена форма, или со квалификуван дигитален сертификат ако барањата се поднесуваат во електронска форма.

**Документација за добивање на одобрение за работа на врзан застапник**

Член 6

(1) Во случај кога врзаниот застапник е физичко лице, кон барањето за добивање на одбрение за работа на врзан застапник и барањето за запишување во регистарот на врзани застапници, се приложува следната документација:

а) одлука на инвестициското друштво за назначување на врзан застапник, која содржи и проценка за исполнување на условите од овој Правилник;

б) предлог договор за ангажирање на врзан застапник, со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски на инвестициското друштво и на врзаниот застапник;

в) потврда од казнена евиденција за неосудуваност;

г) потврда од казнена евиденција за (не) постоење на кривична постапка или изречена казна;

д) потврда од прекршочна евиденција дека не се води прекршочна постапка и не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност на физичко лице;

ѓ) потврда за редовно плаќање на јавните давачки;

е) изјава од врзаниот застапник дека се согласува да биде запишан во регистарот на врзани застапници;

ж) список на физички лица, со следниве податоци: име, презиме, адреса и ЕМБГ на сите физички лица кои во инвестциското друштво ќе ги извршуваат работите од член 118 став (2) од Законот;

з) доказ за уплатен надомест за разгледување и за одлучување по барањето за добивање на одобрение за работа на врзан застапник и барањето за запишување во регистарот на врзани застапници утврден со Тарифникот на Комисијата;

ѕ) друга документација по барање на Комисијата, која може да вклучува писмени докази за исполнување на условите од овој Правилник.

(2) Во случај кога врзаниот застапник е правно лице, кон барањето за добивање на одбрение за работа на врзан застапник и барањето за запишување во регистарот на врзани застапници, се приложува следната документација:

а) одлука на инвестициското друштво за назначување на врзан застапник, која содржи и проценка за исполнување на условите од овој Правилник;

б) предлог договор за ангажирање на врзан застапник, со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски на инвестициското друштво и на врзаниот застапник;

в) изјава од врзаниот застапник дека се согласува да биде запишан во регистарот на врзани застапници;

г) список на физички лица, со следниве податоци: име, презиме, адреса и ЕМБГ на сите физички лица кои во инвестициското друштво ќе ги извршуваат работите од член 118 став (2) од Законот;

д) акт за основање или статут на правното лице предложено за врзан застапник

ѓ) потврда за (не) постоење на кривична судска одлука;

е)потврда за (не) постоење на прекршочна судска одлука;

ж) потврда дека против правното лице не е поведена стечајна или ликвидациона постапка;

з) потврда дали е изречена забрана за основање на нови правни лица;

ѕ) потврда дали е изречена казна престанок на правното лице;

і) потврда дали е изречена казна привремена забрана за вршење одделна дејност;

ј) потврда дали е изречена казна трајна забрана за вршење на одделна дејност;

к) доказ за уплатен надомест за разгледување и одлучување по барањето за добивање на одобрение за работа на врзан застапник и барањето за запишување во регистарот на врзани застапници утврден со Тарифникот на Комисијата;

л) друга документација по барање на Комисијата, која може да вклучува писмени докази за исполнување на условите од овој Правилник.

(3) Во врска со став (2) на овој член, односно кога лицето предложено за врзан застапник е правно лице, за управителот на правното лице се приложува следната документација:

а) потврда од казнена евиденција за неосудуваност;

б) потврда од казнена евиденција за (не) постоење на кривична постапка или изречена казна;

в) потврда од прекршочна евиденција дека не се води прекршочна постапка и не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност на физичко лице;

г) потврда дали е изречена забрана за основање на нови правни лица.

**Обврската за запишување во регистарот на врзани застапници**

Член 7

(1) Комисијата води регистар на врзани застапници согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистри.

(2) Лицата кои имаат добиено одобрение за работа на врзан застапник соодветно се запишуваат во регистарот на врзани застапници кој го води Комисијата согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистри.

ДЕЛ 4

**Начин на доставување на документација кон барањето**

Член 8

(1) Барањето за добивање на одобрение за работа врзан застапник и барањето за запишување во регистарот на врзани застапници се поднесуваат до Комисијата на пропишани обрасци (Прилог 1, Прилог 2, Прилог 3 и Прилог 4 на овој Правилник), кои се пополнети целосно, уредно, читливо и без корекции, заедно со целокупната документација и докази пропишани со Законот и со овој Правилник, и тоа во писмена форма непосредно во архивата на Комисијата или по пошта и во електронска форма скенирана и снимена на преносен медиум (USB) во PDF формат.

(2) Секое барање може да се достави до Комисијата во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат, освен изјавите за кои е потребна нотарска заверка и потврдите кои не се обезбедени од соодветните органи по електронски пат.

(3) Освен документацијата од став (1) на овој член, Комисијата може од подносителот на барањето да побара прецизирање на веќе доставената документација, а може да побара и други податоци и документи со кои се докажува исполнување на условите пропишани со Законот и со овој Правилник.

(4) Документацијата која се поднесува кон барањето за добивање на одобрение за работа на врзан застапник и барањето за запишување во регистарот на врзани застапници треба да биде доставена во оригинал или нотарска заверена копија.

(5) Документацијата во оригинал, како и нотарската заверка не смее да биде постара од 30 дена сметано од денот на поднесување на барањето до Комисијата.

Член 9

(1) Документацијата која е издадена од странска држава на странски јазик, задолжително се доставува со апостил, кога е издадена од страна на странска држава која ја има ратификувано Хашката конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи.

(2) По исклучок од став (1) документацијата нема потреба да се достави со апостил, доколку Репубика Северна Македонија и странската држава имаат склучено договор за ослободување од легализација на странски јавни исправи.

(3) Во случај кога конкретната странска држава не ја има ратификувано Хашката конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи или нема билатерален договор за ослободување од легализација на странски јавни исправи, јавната исправа се легализира во согласност со законот кој ја уредува легализацијата на исправите во меѓународен промет.

(4) Документацијата издадена од странска држава задолжително се преведува од овластен судски преведувач, а преводот задолжително нотарски се заверува.

(5) Доколку законодавството на странска држава поинаку регулира одредена материја, подносителот на барањето е должен да се повика на правно мислење од адвокат, со цел да се потврди разликата во регулативата. Во овој случај, адвокатот задолжително дава изјава дека е овластен согласно законодавството на странската држава за потврдување на тие факти и дека истиот е одговорен за вистинитоста на дадените податоци.

**Постапување по барањето за добивање на одобрение за работа на врзан застапник и по барањето за запишување во регистарот на врзани застапници**

Член 10

(1) Комисијата истовремено со решението за одобрување на барањето за добивање на одобрение за работа на врзан застапник одлучува и за барањето за запишување во регистарот на врзани застапници, во рок од 30 (триесет) календарски дена од денот на доставување на комплетните барања.

(2) По разгледување на барањата од член 5 од овој Правилник, доколку Комисијата утврди дека истите се непотполни, неуредни или имаат формално правни недостатоци, ќе

ги наведе истите и ќе му одреди рок од 10 (десет) работни дена на подносителот на барањето во кој тој ќе треба да ја дополни документацијата или соодветно да ги уреди барањата.

(3) Доколку подносителот од оправдани причини не може да постапи согласно став (2) од овој член, а Комисијата оцени дека е разумно, може да го продолжи рокот од став (2) од овој член за уште 10 (десет) работни дена. Доколку подносителот не ја дополни документацијата и не ги отстрани недостатоците во дополнетиот рок ќе се смета дека подносителот се откажал од барањата, а Комисијата ќе донесе решение за запирање на постапката.

(4) Доколку лицето за кое е поднесено барање за добивање на одобрение за работа на врзан застапник не ги исполнува условите од член 4 од овој Правилник, Комисијата носи решение за одбивање на барањата од член 5 од овој Правилник.

**Останати одредби**

Член 11

(1) Одобрението за работа на врзан застапник се дава за период утврден во предлог договорот за ангажирање на врзан застапник или во одлуката за назначување на врзан застапник.

(2) Инвестициското друштво е должно, во рок од 15 (петнаесет дена) календарски дена од денот на запишување на врзаниот застапник во регистар на врзани застапници, до Комисијата да достави потпишан примерок од договорот за ангажирање на врзан застапник.

(3) Дејноста на врзаниот застапник започнува од денот на запишување на врзаниот застапник во регистарот на врзани застапници. Во регистарот на врзани застапници се запишува периодот на важност на одобрението од став (1) на овој член.

(4) Инвестициското друштво е должно, најдоцна 60 календарски дена пред истекот на рокот утврден во договорот за ангажирање на врзан застапник или во одлуката за назначување на врзан застапник, да поднесе ново барање за добивање на одобрение за работа на врзан застапник и барање за запишување во регистарот на врзани застапници за врзаниот застапник за кој предходно има добиено одобрение за работа од Комисијата.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

(1) Прилозите од овој Правилник, Комисијата ги објавува на својата веб страна.

(2) Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува од денот на започнување на примената на Законот за финансиски инструменти (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.66/2024).

Број 01-789/1
29 ноември 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.